Влада на Република Северна Македонија

**Генерален секретаријат**

Арх. број.: 42-10690/1

Датум: 29 -10- 2024

Центар за управување со промени Скопје
ул."Митрополит Теодосиј Гологанов" бр.34а
1000 Скопје
Предмет: Достава на мислење

Почитувани,

Со особено внимание ја разгледавме вашата Предлог – иницијативата со наслов "Редизајниран систем на стратешко планирање и координација на политики" која ја имате доставено во електронска форма до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Во таа смисла, дозволете да ве информираме за следното:

Имајќи го предвид трендот на зголемување на јавните потреби и потребата од континуирано подобрување на квалитетот на услугите кои органите на државната управа ги испорачуваат кон граѓаните, во услови на ограничени финансиски ресурси и институционални капацитети, важноста од стратегиско размислување и планско делување на јавната администрација, сè повеќе се наметнува како нужност од висок приоритет.

Стратешкото планирање претставува добра основа за одредување на целите кои Владата ги смета за приоритетни поврзано со обезбедување на потребните средства за реализација на приоритетите преку буџетскиот процес.

Процесот на стратешко планирање од страна на Владата на РСМ беше воведен за прв пат во 2003 година со донесувањето на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата.

Во 2003 година беше донесена Одлуката за стратешките приоритети на Владата која ги утврди стратешките приоритети на Владата и на тој начин ја одрази четири годишната политичка програма. Годишната програма за работа на Владата за 2004 година, која беше подготвена во согласност со Методологијата и во неа беа инкорпорирани стратешките приоритети на Владата и приоритетите на министерствата.

Во април 2005 година, со заклучок на Влада, сите министерства беа задолжени да подготват свој стратешки план (кој го опфаќаше среднорочниот период 2006-

Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118022
www.vlada.mk

2008) во кој се содржани програми и активности за остварување на стратешките приоритети на Владата.

Во 2005 година, беше донесен Законот за буџетите кој вклучи обврска за сите органи на државната управа (буџетски корисници) да подготват стратешки планови преку кои ќе ги презентираат програмите кои ќе бидат финансирани со Буџетот.

Во наредните години, овој процес беше подржан со подготвување на релевантни прописи, упатства и прирачници, како и активност за градење на капацитети.

Во 2008 година беше донесена нова Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата која подоцна два пати беше изменета во 2018 и 2019 година за да ги одрази барањата за годишните планови за работа и годишни извештаи за спроведување на годишните планови и за подобро следење на степенот на реализација на Годишната програма за работа на Владата преку измена на мониторинг индикаторите.

Со прифаќањето на Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии од страна на Владата и донесувањето на Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии во 2022 година се создаде правна рамка за развој на стратегиите, како надополнување на стратешкото планирање и воведување на стандардизирање на структурата и содржината на стратегиите, обезбедување на квалитет во планирањето и поврзаност и усогласеност меѓу долгорочното, среднорочното и годишното планирање.

Правната рамка на интегрираниот систем за стратешко планирање ја сочинуваат Законот за Владата ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 26/01, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), Законот за буџети ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.203/2022 и 76/2024), Деловникот на Владата ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21, 56/21 и 70/22), Методологијата за стратешко планирање и подготовка на Годишната програма за работа на Владата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2008 и 58/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.223/2019), Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 22/2015 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.222/2019), Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа ("Службен весник на Република Македонија" бр.131/2018), Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите

органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување за спроведувањето на стратешкиот план и годишниот план за работа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 131/2018), Упатство за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/2022) и Методологија за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии (прифатена на 48 седница на Владата, одржана на 25.5.2022 година).

Претходно споменатите прописи го уредуваат начинот на усогласување на планските документи, улогата на Генералниот секретаријат како координатор на процесот на стратешко планирање на ниво на министерства и други органи на државната управа и разните контролни механизми преку кои би се постигнала усогласеност на долгорочното, среднорочното и годишното планирање.

Стратешкото планирање стана добра алатка за обезбедување финансиска дисциплина во процесот на подготовка и реализација на Буџетот, распределбата на ресурсите според приоритетите и следење дали имплементацијата на политиките согласно приоритетите ги дава планираните резултати. Воедно, овој процес придонесува кон развивање на одговорноста, транспарентноста и отчетноста на органите на државната управа.

Утврдувањето на правната рамка на стратешко планирање, во голем степен зависи од условите и околностите во конкретната држава, административните навики, култура, спремност и посветеност за менување на секојдневните рутински активности во ангажман кој носи резултат и промени.

Не постои идеален модел на интегриран систем на стратешко планирање, но при изборот и натамошното развивање на стратешкото планирање Генералниот секретаријат ги има предвид сопственото искуство, пракса и извлечените поуки од претходните циклуси на стратешкото планирање, издржана анализа на регионалните и пошироко меѓународни искуства и добрите и за наши услови применливи меѓународни концепти, модели и практики.

Главните предности на интегрираниот систем за стратешко планирање на Република Северна Македонија посочени во истражувањето на РеСПА се солидно законодавство и регулативи (методологии и упатства) кои овозможуваат развој на интегрираниот систем за стратешко планирање и секторско планирање, свест во администрацијата за важноста на стратешкото планирање, особено во однос на институционалното стратешко планирање и поврзаноста со Буџетот и добро воспоставениот плански календар за стратешко планирање на Владата кој обезбедува интегриран пристап и поврзаност со буџетскиот процес.

Во новиот Закон за буџети од 2022 година, како резултат на заемната координација меѓу Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии соодветна разработка најде и стратешкото планирање, особено во членовите 13 и 33.

Во октомври 2024 година, работна група на Генералниот секретаријат го финализираше нацрт текстот на новиот Деловник за работа на Владата на Република Северна Македонија, со кој се операционализирааат функциите на

Центар на Владата, се подобрува транспарентноста и ефикасноста на системот на одлучување на Владата.

Во таа насока, покрај донесувањето на Деловникот, започнати се соодветни чекори за усогласување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија со Законот за буџети од 2022 година. Тоа значи, реактивирање на Работната група за подготовка на усогласена верзија на Методологијата за стратешко планирање и подготвување и следење на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија.

Преку понатамошна заедничката соработка во преземањето на погоре наведената активност насочена кон усогласување односно доуредување на веќе постоечкиот систем, сметаме дека ќе се креира ефикасна и ефективна рамка за подготвување и следење на планските документи. Генералниот секретаријат ги цени вашите активности, како и поддршката од страна на Амбасадата на Велика Британија во пресрет на унапредување и модернизирање на постоечкиот систем.

Со почит,

Игор Јанушев

генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Подготвил: м-р Ана Миовска, советник во Сектор за стратегија, планирање и следење
Прегледал: м-р Зоран Милков, раководител на Сектор за стратегија, планирање и следење
Одобрил: Сали Сали, државен советник за стратешко планирање и следење